Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга Уп1 бр.02-374 од 05.10.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-374 од 14.10.2020 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4101/3 од 06.11.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 39-та седница одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, и тоа за пристапување на физичкото лице Андреј Стојков, со ЕМДБ 1306992493009 и адреса на живеење на ул. Иван Иванов Балашо бр.75, Кочани, со учество од 25%, во основната главнина на радиодифузерот, на начин што: физичкото лице Гоце Стојковски со ЕМДБ 0204971473066 и адреса на живеење бул.Браќа Ѓиноски бр.217, Гостивар, со учество од 50% во основната главнина на радиодифузерот на физичкото лице Андреј Стојков од Кочани му пренесува 12,5% од уделот во основната главнина на радиодифузерот и физичкото лице Фисник Татеши со ЕМДБ 29059674344078 и адреса на живеење Боро Шаин бр.19, Струга со учество од 50% во основната главнина на радиодифузерот, на физичкото лице Андреј Стојков од Кочани му пренесува 12,5% од уделот во основната главнина на радиодифузерот.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија" бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-374 од 05.10.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-374 од 14.10.2020 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга.

При увид во доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-374 од 05.10.2020 година и приложената документација кон истото, беше констатирано дека истото не е уредно, во смисла на тоа што беше доставена копија од тековната состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на РСМ во 2019 година, што е спротивно на Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

сопственичката структура и Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите упатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (арх.бр.01-4993/1 од 14.10.2014 година) согласно кои истата треба да биде доставена во оригинал или копија заверена на нотар. Имајќи го предвид ова, Агенцијата со писмен Допис го извести ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга (наш Уп1 бр.02-374 од 13.10.2020 година) и побара од радиодифузерот да го доуреди Известувањето.

На 14.10.2020 година, ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Дополнување кон Известувањето за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-374 од 14.10.2020 година, односно достави уредна тековна состојба издадена на 14.10.2020 година, (електронски издаден документ бр.0805-50/155020200049211 од 14.10.2020 година) од ЦРРСМ. Со оглед на тоа, се утврди дека вака доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-374 од 05.10.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-374 од 14.10.2020 година е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-374 од 05.10.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-374 од 14.10.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.** 02-374

06.11. **2020 година**
**Скопје**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

**Доставено до:**
1. Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
2. Управителот на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
3. Сектор за стратешко планирање и авторски права;
4. Сектор за правни работи;
5. Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1.